Бр./Nr 12-5315/5
31-01-2024 г./v. (2023)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 99-та седница одржана на 30.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-5315/1 од 13.11.2023 година, оформен по доставена пријава за против Овластениот градежен инспектор на Општина -----------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај се водат постапки/ во тек се постапки пред други надлежни органи или пак веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-5315/1 од 13.11.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 13.11.2023 година, поднесена е пријава против Овластениот градежен инспектор на Општина ---------- и оформен е предмет број 12-5315/1 од 13.11.2023 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за непреземање на службени дејствија од страна на пријавеното службено лице во врска со незаконска градба аголот на на ул. --------------- бр. -- и ул. --- број --.

Незаконската градба се однесувала на зидана дворна ограда како и на реконструкција, доградба и надградба на неколку приземни објекти и нивна пренамена во корисен простор за вршење на угостителска дејност, ресторан – бар.

Подносителот наведува дека за наведените градби инвеститорот не поседувал соодветна документација, а за состојбата во повеќе наврати биле известени надлежните служби при Општина ---------, но подностителите немале добиено одговор на барањата.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Општина ---------- заради обезбедување на информација во врска со наводите од пријавата.

Од страна на Општина ----------- беше доставен одговор во кој е наведено дека од страна на општинскиот градешен инспектор била поведена инспекциска постапка, по претходно доставена Ургенција и барање за постапување, поднесени од страна на жителите на околните улици, бил извршен вонреден инспекциски надзор при што бил изготвен Записник со ИП1бр. ------ од --------.2023 година и истиот бил доставен на запознавање преку поштенските служби до инвеститорот на објектот наведен во пријавата, додека на жителите кои биле подносители на барањето и ургенцијата, Општина ------------ им доставила известување, а за кои имало доказ дека истите биле примени.

Датумот на прием на овие известувања е после датумот на приемот на пријавата во ДКСК и оформувањето на овој предмет.

Записникот со број ИП1бр. ----------- од ---------2023 година е доставен во прилог на одговорот и при увид во истиот е констатирано дека вонредниот надзор бил извршен на ден --------.2023 година по што биле констатирани одредени неправилности, поради што врз основа на член 137 став 2 од Законот за градење наведено е дека ќе биде донесено Решение за опомена.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај се водат постапки/ во тек се постапки пред други надлежни органи или пак веќе постапиле други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: м-р К.З.
Одобрил: Н.Б, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**